| | | |
|---|---|---|
| ADVANCE MEDIA | **ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА** | АМ-УП-ЗП-01<br>Верзија: 3<br>Дата: 12 / 2021<br>Страна: 1 од 1 |

**АДВАНС МЕДИЈА** е фирма чија дејност е продажба на производи и услуги од доменот на електрониката, компјутерската опрема и белата техника. АДВАНС МЕДИЈА од самото основање на нашиот пазар нуди голем број артикли од квалитетни и докажани брендови како што се: Nikon, Sony, Siemens, Vivax, HP, Lenovo, Fujitsu, Canon и многу други.

**АДВАНС МЕДИЈА** со својот професионализам, деловност, посветеност и целосно задоволување на потребите на купувачите, успешно опстојува на македонскиот пазар, следејќи ги светски трендови, имплементација на меѓународни стандарди во работењето и развој на пазарот, но и слушајќи ги потребите и желбите на купувачите.

Во остварување на своите деловни активности **АДВАНС МЕДИЈА** се обврза да негува одговорен пристап кон клиентите, вработените, општествената заедница, добавувачите и сите други релевантни заинтересирани страни. За таа цел, **АДВАНС МЕДИЈА** воспостави ефективен интегриран менаџмент систем (систем за менаџмент со квалитет, систем за менаџмент со животна средина и систем за менаџмент со здравје и безбедност при работа) сé со цел за да:

- Ги исполниме сите барања за квалитет, заштита на животна средина, заштита на здравјето и безбедноста при работа согласно ИСО 9001:2015, ИСО 14001:2015 и ИСО 45001:2018;
- Го разбереме контекстот на организацијата, односно да го идентификуваме внатрешното и надворешното опкружување;
- Ги идентификуваме и елиминираме сите потенцијални ризици кои можат негативно да влијаат на нашите производи и услуги, на нашата организација, вработени, заедница, климатските промени, животната средина и здравјето и безбедноста при работа;
- Грижа за животната и работната средина преку утврдување и мерење на загадувањето од работните процеси, мерењето на микроклиматските услови и физичките штетности. Целта е да ја заштитиме животната средина преку систем на мониторинг и контрола на аспектите на кои влијаеме, да го заштитиме здравјето и безбедноста на вработените со што превентивно делуваме со нашите деловни активности да ги исполниме планираните програми, цели и задачи;
- Воспоставување на ефикасна комуникација со сите заинтересирани страни за транспарентност во работењето и размена на информации;
- Преиспитаме перцепциите и мислењето на релевантните засегнати страни;
- Обезбедиме континуирано задоволство кај купувачите;
- На купувачите им нудиме квалитетни производи по прифатливи цени;
- Обезбедиме богато портфолио на производи;
- Постојано ги следиме и усогласуваме нашите деловни активности со законските барања, барањата и очекувањата на клиентите;
- Создадеме коректни односи со клиентите, вработените и добавувачите и останатите засегнати страни;
- Обезбедиме ресурси за одржување, континуирано подобрување и унапредување на воспоставениот интегриран менаџмент систем;
- Обезбедиме адекватни работни услови, одлична работна средина и здравствена заштита;
- Обезбедуваме стручно континуирано доусовршување на нашите вработени во рамките на нивните одговорности и овластувања и водиме грижа за нивните интереси, преку постојано унапредување на заедничката соработка и вклученост во решавање на проблемите;
- Одржуваме тим од млади и амбициозни луѓе, кои придонесуваат за иновативен и креативен пристап на нашиот пазар како и присутност преку техничката поддршка што ја нудиме во секое време;
- Постојано да ја подобруваме ефективноста и ефикасноста на имплементираниот интегриран менаџмент систем преку процес на мониторинг и контрола, интерни и екстерни проверки и сл;
- Имаме квалитетна соработка со сите надворешни организации и институции за позитивен придонес во развојот и унапредувањето на општествената заедница.

Скопје, 20.12.2021 година

Орце Еленов
Управител

Друштво за трговија и услуги АДВАНС МЕДИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје